Република Северна Македонија
Општина Ново Село
ИП1 бр.12-04
19.02.2021 година

Одделението за инспекциски надзор при општина Ново Село преку општинскиот градежен инспектор Иван Трајков, со службена легитимација број 35-0003, изврши вонреден инспекциски надзор на изградба на ограда во с.Колешино, кај непознат градител и со Записник број ИП1 бр.12-04 од 03.02.2021 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на чл. 135 од Законот за градење, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1) Се наредува на инвеститорот да ја отстрани бесправната градба – **ограда**, градба од втора категорија лоцирана на на К.П.бр.2860/1 и К.П.бр.2439/1 во К.О. Колешино.
2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува 5 дена.
3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекцискатa мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспектрот дали е извршена инспекцискатa мерка.
4) Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Одделението за инспекциски надзор при општина Ново Село врз основа на чл. 135 од Законот за градење, преку општинскиот градежен инспектор Иван Трајков, со службена легитимација број 35-0003, изврши вонреден инспекциски надзор на изградба на ограда во с.Колешино, инвестирано од непознат градител/инвеститор и состави Записник ИП1 бр.12-04 од 03.02.2021 година, во кој е констатирано следното:

На делови од К.П.бр.2860/1 и К.П.бр.2439/1 во К.О. Колешино е изградена ограда, од бетонски sид метални профили и метална мрежа. Вкупната должина на

оградата не е измерена бидејки се работи за специфична форма и поголема должина која без соодветен инструмент неможе да се утврди со точност. Видно е дека оградата е изградена пред подолг временски период на земјиште во сопственост на РСМ. На денот на надзорот немаше градежни активности. Градбата е изведена без правосилно Решение за изведување.

Согласно чл.135 од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр.130/2009,124/10,18/11,36/11,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14, 149/14 и 44/15) со оваа Решение, градежниот инспектор МУ НАРЕДУВА на инвеститорот отстранување на градбата, бидејки градбата се гради без соодветна градежно -техничка документација, односно се гради без правосилно Решение за изведување. Согласно чл.137 став 4 од истиот закон Жалбата изјавена против Решението на општинскиот градежен инспектор, не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа решение недоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на Решението преку овој орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, таксирана со 250 ден.административна такса,согласно Законот за административни такси (Сл.весник на РМ бр.64/04 тарифен број 2)

Таксата се плаќа на Трзорска сметка на НБРМ бр.100000000063095, уплатна сметка 840-106-03182,приходна шифра 72231500 со цел на дознаката административни такси.

Решено во Одделението за инспекциски надзор на ден 19.02.2021 година.

М.П.

Општина Ново Село
Општински градежен инспектор
Службена легитимација број
35-0003
д.и.а.Иван Трајков